Република Македонија
**Министерство за животна средина
и просторно планирање**

Архивски бр. 11-5352/3
Дата: 27-07-2012

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До: Кабинет на министерот
Министер, Abdilaqim Ademi
- Тука

Предмет: Достава на извештај од Комисијата за изработка на извештајот на соодветност на Студијата за ОВЖС за Проектот: "Изградба на постројка за согорување на опасен отпад во склоп на депонијата Дрисла во с. Батинци" во општина Студеничани

Почитуван г-дин Министер,

Во прилог Ви го доставуваме извештајот на комисијата и образецот од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина за Проектот: "Изградба на постројка за согорување на опасен отпад во склоп на депонијата Дрисла во с. Батинци" во општина Студеничани на инвеститорот ЈП Депонија "ДРИСЛА" од Скопје, изготвени од Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: "Изградба на постројка за согорување на опасен отпад во склоп на депонијата Дрисла во с. Батинци" во општина Студеничани.

Со почит,

Изготвил: Билјана Спироска
Проверил: м-р Зоран Бошев

**УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
ДИРЕКТОР
Филип Иванов**

Прилог:

- Извештајот на комисијата;
- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: "Изградба на постројка за согорување на опасен отпад во склоп на депонијата Дрисла во с. Батинци" во општина Студеничани

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 11-5352/3
Дата:

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До : Кабинет на министерот
Министер, Abdilaqim Ademi
- Тука

Предмет: Заклучок на Извештај за соодветност на Студијата за оцена на влијанието врз животна средина за проектот: "Изградба на постројка за согорување на опасен отпад во склоп на депонијата Дрисла во с. Батинци" во општина Студеничани, за потребите на инвеститорот ЈП Депонија "ДРИСЛА" од Скопје.

Почитувани,

Врз основа на член 86 став 1 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11) и член 4 од Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 33/06), Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: "Изградба на постројка за согорување на опасен отпад во склоп на депонијата Дрисла во с. Батинци" во општина Студеничани, на ден 29.06.2012 година изготви

**ИЗВЕШТАЈ**

за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот - "Изградба на постројка за согорување на опасен отпад во склоп на депонијата Дрисла во с. Батинци" во општина Студеничани

1. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина, врз основа на Студијата за оценка на влијанијата врз животната средина на проектот: "Изградба на постројка за согорување на

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

опасен отпад во склоп на депонијата Дрисла во с. Батинци" во општина Студеничани во Скопје, изработена од страна на "ТЕХНОЛАБ" ДОО од Скопје, со одговорно лице за изготвување на студијата за оцена на влијание врз животната средина м-р Магдалена Трајковска Трпевска, за потребите на инвеститорот ЈП Депонија ДРИСЛА од Скопје оцени дека со спроведувањето на проектот се планира набавка на нова постројка за согорување на опасен отпад. Овој проект има значење од потребата за отстранување на медицинскиот отпад на ниво на цела држава, постројката ќе биде со капацитет три пати поголем од сегашниот инценератор, ќе се воспостави систем за собирање и транспортирање на медицинскиот отпад од сите медицински установи во Република Македонија, постројката ќе ги задоволи строгите еколошки параметри за емисија на гасови, ќе има можност топлината која ќе се создава во постројката, да се користи за затоплување на работните простории на ЈП Депонија Дрисла и покрај медицинскиот отпад ќе може да се согоруваат и останати видови на опасен отпад и отпад од пакување, во иднина, како гориво ќе може да користи депониски гас кој ќе се собира од депонијата.

Постројката ќе биде сместена во објект кој ќе се гради во близина на постоечкиот инцинератор за медицински отпад кој ќе биде изграден од монтажна армиранобетонска конструкција со димензии: 37,10m x 16,8m и висина од 10,0m. Во оперативната фаза ќе се извршуваат следните активности: прием на опасниот отпад, согорување на отпадот, отстранување на пепелта и останатите остатоци од согорувањето, миење и дезинфекција на контејнерите, миење и дезинфекција на возилата со кои ќе се носи опасниот отпад, контрола на процесот и водење на евиденција. Анализирани се алтернативни решенија за избор на постројката како адаптација на постоечката постројка за согорување на медицински отпад и набавка на нова постројка за согорување на опасен отпад која треба да исполни следните предуслови: Да ги задоволи сите законски барања, да е со висок степен на автоматизација, да бидат инсталирани сите мерно регулациони уреди во однос на безбедно работење на персоналот и заштита на животната средина, да има можност за надоградување со систем за искористување на топлината, (производство на електрична енергија и за греење), да има можност за работа со

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

алтернативно гориво (депониски гас) кое се планира во иднина, да доведе до намалување на цената на согорување на отпадот (цена/тон согорен отпад) во однос на сегашната, заради зголемување на количината на согорениот отпад. Од страна на Инвеститорот преку тендерска постапка разгледувани се неколку понуди од кои, наведено е дека како најповолна избрана е онаа на фирмата Officine Meccaniche CIROLDI S.p.A. Причините поради кои е избрана оваа понуда се: исполнување на сите горенаведени предуслови, поволната цена и поволниот рок на испорака на постројката.

Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и оперативна фаза од: топографија и геологија, површински и подземни води, воздух, вода, почва, бучава, отпад, флора и фауна, население и човеково здравје, предел и визуелни ефекти, социјални елементи на животната средина, архелолошко и културно историско наследство и комулативни влијанија. Аналогно на анализираните можни влијанија предвидени се мерки за намалување на влијанијата и во глава 6 од Студијата за ОВЖС изготвен е План за мониторинг на животната средина.

2. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: "Изградба на постројка за согорување на опасен отпад во склоп на депонијата Дрисла во с. Батинци" во општина Студеничани во Скопје му предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање да издаде решение со кое се дава согласност на барањето за спроведување на проектот: "Изградба на постројка за согорување на опасен отпад во склоп на депонијата Дрисла во с. Батинци" во општина Студеничани во Скопје, во согласност со предложениот план и мерки за намалување на влијанијата врз животната средина и планот за мониторинг на спроведување на мерките за намалување на влијанијата врз животната средина.

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

**Комисија:**

1. м-р Зоран Бошев ______________
2. Билјана Спироска ______________
3. Илбер Мирта ______________
4. м-р Валериј Пенев ______________
5. Назим Алити ______________
6. м-р Сашко Јорданов ______________

Прилог:

- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: "Изградба на постројка за согорување на опасен отпад во склоп на депонијата Дрисла во с. Батинци" во општина Студеничани во Скопје